ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 2
Бр. 02-10334/4
28.12.2022

# П Р А В И Л Н И К
## за заштитено пријавување

Скопје, декември, 2022 година

Врз основа на член 65 и член 67 точка 6 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, член 4 став 6 од Законот за заштита на укажувачи (Службен весник на РМ, бр.196/2015 и 35/2018), Правилникот за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор (Службен весник на РМ, бр.46/16), точка 11 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка (Службен весник на РМ, бр.24/2018, 113/2019) и Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонската берза, Управниот одбор на Банката, на ден 28.12.2022 година донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ЗАШТИТЕНО ПРИЈАВУВАЊЕ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ И ДЕФИНИЦИИ

Предмет на Правилникот за заштитено пријавување (во понатамошниот текст: Правилник) е уредување на постапката на заштитено пријавување, определување на овластени лица за прием на пријави од укажувачи, утврдување на видовите заштитено пријавување, постапувањето и должностите на Банката во врска со заштитеното пријавување, начинот на заштитата на укажувачите од казни, како и други прашања од значење за заштитеното пријавување.

Под **заштитено пријавување** се подразбира пријавување, односно откривање, извршено од страна на укажувач во Банката согласно со закон, со кое се пренесува разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или веројатно ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување.

**Укажувач** е лице кое со добра намера врши заштитено пријавување. Согласно законот, како укажувачи може да се јават следните категории на лица: лице кое има засновано работен однос на неопределено или определено време во Банката; кандидат за вработување, кандидат за волонтер или практикант во Банката; лице кое е или било волонтер или практикант во Банката; лице кое по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа од Банката; лице кое по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со Банката; лице кое користи или користело услуги во Банката.

Банката му обезбедува на укажувачот заштита согласно со закон и му гарантира доверливост до степен и до момент до кои тој тоа го бара, како и заштита на правата од работен однос и други права од било каков вид на повреда или штетно дејствие или опасност од настапување на штетни дејствија заради извршено пријавување.

Правото на доверливост на укажувачот може да се ограничи со судска одлука за која без одлагање се известува укажувачот.

Под поимот **јавен интерес** се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

Под поимот **блиско лице** се подразбираат брачниот и вонбрачниот другар, роднините по крв во права линија, роднините во странична линија заклучно до трет степен, како и роднините по сватовство заклучно до втор степен, посвоеник и посвоител и друго лице кое заштитеното лице го смета за блиско лице и за кое се бара да биде заштитено согласно со одредбите од овој Закон.

## 2. ОРГАНИЗАЦИЈА И НАДЛЕЖНОСТИ

**Надзорниот одбор на Банката** го следи спроведувањето на интерните акти и процесите за слободно заштитено пријавување од страна на вработените во Банката, согласно со закон, особено пријавувањето до Народната банка.

**Одборот за ревизија на Банката** ја разгледува ефективноста и начинот на кој се применува постапката.

**Управниот одбор на Банката**, во согласност со Законот за заштита на укажувачи и неговите подзаконски акти, го донесува Правилникот и именува овластени лица кои ќе вршат прием на пријави од укажувачи и ќе постапуваат по истите во согласност со законските одредби.

Управниот одбор на Банката е должен редовно да го информира Надзорниот одбор за случаи поврзани со заштитеното пријавување од страна на укажувач во Банката.

**Овластени лица за прием на пријави од укажувачи** во Банката се:

| име и презиме | работно место | телефонски број за контакт | поштенска адреса и адреса на електронска пошта за прием на пријави |
|---|---|---|---|
| Снежана Атанасовска | Раководител на Служба за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите и СППиФТ | 023-247-000 локал 305 | Народен фронт, 19 А, Скопје snezana.atanasovska@ttk.com.mk |
| Ирина Ристовска | Директор на Сектор за правни работи и проблематични пласмани | 023-247-000 локал 460 | Народен фронт, 19 А, Скопје Irina.ristovska@ttk.com.mk |

Овластените лица за прием на пријави од укажувачи (во натамошен текст: овластено лице) се должни:

- да постапуваат по пријавата од укажувачот во согласност со одредбите од овој Правилник и Законот за заштита на укажувачи;
- да ги заштитат личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој пријавува анонимно или доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;
- да го информираат укажувачот (кој е познат) за преземените мерки во врска со пријавата, без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Податоците за овластените лица се објавени на веб страната на Банката.

Овластените лица за прием на пријави од укажувачи треба да ги исполнуваат следните критериуми: да се лица вработени на раководно работно место, да имаат завршено високо образование во областа на правните, безбедносните или економските науки, да имаат работно искуство во постапување по пријави/претставки, работа со странки, вршење ревизија или внатрешна контрола или извршување на должности во доверливост, испраќање податоци до други институции и барем едно од лицата да поседува безбедносен сертификат.

Заради обезбедување тајност и заштита на личните и други податоци кои се примаат и обработуваат од страна на овластените лица во врска со заштитеното пријавување, Банката им обезбедува на овластените лица соодветни услови пропишани со законот и подзаконските акти.

Овластеното лице Снежана Атанасовска е одговорна за сумирање на податоците и за изготвување на полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи и негово доставување до Дирекцијата за спречување на корупција на Р.Македонија.

**Вработените** во Банката имаат обврска да постапуваат според овој правилник и да ги почитуваат неговите одредби.

## 3. ВИДОВИ ЗАШТИТЕНО ПРИЈАВУВАЊЕ

Заштитено пријавување се врши како заштитено внатрешно пријавување, заштитено надворешно пријавување или заштитено јавно пријавување, анонимно или доверливо, со добра намера и врз основа на разумно уверување во времето на пријавувањето дека информациите содржани во пријавата се вистинити.

### 3.1.ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ

Укажувачот врши заштитеното внатрешно пријавување во Банката, доколку има сомневање или сознание дека е извршено, се врши или ќе се изврши казниво дело или некое друго незаконито или недозволено постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес. Пријавувањето се врши усно на записник или во писмена форма до лицето овластено за прием на пријави од укажувачи.

Овластеното лице врши прием на пријавите од укажувачите, издвојување и обработка на податоците од пријавите и презема мерки за обезбедување заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачите и на пријави од укажувачи, а применувајќи ги прописите за заштита на личните податоци. Исто така, Овластеното лице е должно да го извести и упати укажувачот за можноста за заштитено надворешно пријавување (доколку пријавата содржи наводи кои се насочени против органот на управување во Банката), или за заштитено јавно пријавување (доколку пријавата содржи казниво дело и штети од големи размери, или ако постои опасност од уништување на докази).

### 3.2.ЗАШТИТЕНО НАДВОРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ

Укажувачот може да врши заштитено пријавување до надворешни институции и тоа до: Министерство за внатрешни работи, надлежното Јавно обвинителство, Државна комисија за спречување на корупцијата, Народен правобранител на РСМ, Народната банка на РСМ или други надлежни институции, доколку:

- пријавувањето е непосредно или посредно насочено против раководното лице во Банката, или
- укажувачот во врска со пријавувањето не добил информација за преземени мерки во рокот од 15 дена од денот на приемот на пријавата или
- не се преземени мерки или укажувачот не е задоволен од постапувањето или се сомнева дека нема да се преземат мерки или дека пријавувањето ќе предизвика штетни последници по него или по негово блиско лице.

Укажувачот врши заштитено надворешно пријавување усно на записник или писмено до овластено лице во институцијата/правното лице каде пријавува.

Институциите/правните лица до кои укажувачот извршил заштитено надворешно пријавување се должни во рамките на своите надлежности да постапат по пријавата, да ги заштитат личните податоци на укажувачот, согласно со прописите за заштита на личните податоци, а за преземените мерки да го информираат укажувачот без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Ако институцијата/правното лице до кое укажувачот ја доставил информацијата не е надлежно да постапува во врска со пријавувањето ќе ја проследи информацијата до надлежен орган во рок од осум дена од денот на приемот и за тоа истовремено ќе го извести укажувачот. Надлежниот орган е должен да ги применува мерките за заштита кои на укажувачот му ги обезбедил органот на кого му е отстапено известувањето.

Институцијата/правното лице до кое укажувачот ја доставил пријавата е должно: на барање на укажувачот да му даде известување за текот и дејствијата кои се преземени во постапувањето по пријавата, како и да му овозможи на укажувачот увид во списи на предметот, согласно закон и по завршувањето на постапката, да го извести укажувачот кој е познат за исходот на постапувањето по пријавата, согласно закон.

### 3.3.ЗАШТИТЕНО ЈАВНО ПРИЈАВУВАЊЕ

Укажувачот може да врши заштитено пријавување и со правење јавно достапни информации доколку:

- заштитеното внатрешно и надворешно пријавување е оневозможено поради невоспоставена процедура, односно постапка за прием на пријави согласно закон или
- укажувачот во врска со извршеното заштитено пријавување не добил информација за преземени мерки во законски утврдениот рок или
- не се преземени мерки или постои лесно препознатлива опасност од уништување на докази или прикривање одговорност.

Укажувач кој врши заштитено јавно пријавување не смее да ги прави јавно достапни:

- личните податоци на субјектот кои не се од значење за заштитеното пријавување;
- податоците односно информациите кои согласно закон се сметаат за класифицирани информации, согласно прописите за класифицирани информации, како и податоци односно информации со кои се загрозува водење на кривична, прекршочна или граѓанска постапка, доколку тоа е непосредно и лесно препознатливо;
- податоците односно информациите со чијашто јавна достапност се повредува или загрозува националната безбедност, одбраната на независноста или територијалниот интегритет на Република Северна Македонија.

Укажувач кој ќе изврши пријавување со правење јавно достапни информации спротивно на погоре споменатите одредби, нема право на заштита која се обезбедува согласно Законот за заштита на укажувачи.

## 4. ПОСТАПКА НА ПРИЕМ И ОБРАБОТКА НА ПРИЈАВА

### 4.1.ПРИЕМ НА ПРИЈАВА

Овластеното лице врши прием на пријави доставени директно до него од укажувач заради заштитено внатрешно пријавување согласно законот (во натамошниот текст: пријава), поединечно или групно, во писмена форма доставени лично или преку пошта (со назнака на пликот-ДОВЕРЛИВО) или електронско сандаче или усно на записник.

Заведувањето на примените пријави се врши со ставање приемен штембил и евидентирање во посебен деловодник.

Доколку пријавата е добиена усно, овластеното лице составува записник во кој се содржани следните податоци:

а) податоци за укажувачот (доколку е познат):

- име и презиме,
- категорија на лице во која припаѓа укажувачот согласно Законот за заштита на укажувачи,
- барање од укажувачот да остане доверлив и степенот до кој тоа го бара;

б) податоци за лицето односно субјектот против кој укажувачот пријавува;

в) опис на казниво или друго незаконито и недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес;

г) предложени од укажувачот начин и форма на комуникација помеѓу овластеното лице и укажувачот;

д) прилози;

ѓ) датум и место на прием на пријавата.

Записникот го потпишуваат укажувачот и овластеното лице и истиот се заведува како примена пријава.

Доколку <u>пријавата е доставена по електронски пат</u>, тогаш овластеното лице го печати записот и испечатеното (со попишани прилози) го заведува како примена пријава. Овластеното лице може примените документи да ги зачувува и во електронска форма. Во случај кога овластеното лице ја проследува пријавата до друга надлежна институција тогаш задолжително ги применува обезбедените технички и организациски мерки за заштита на податоците во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци, а електронските записи ги преснимува на носач на електронски запис кој го приложува кон пријавата.

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно во текот на примањето на информациите да го извести укажувачот дека неговиот идентитет може да биде откриен на надлежниот орган како и да го извести за мерките за заштита на учесникот во кривичната постапка.

Овластените лица се должни по приемот на пријавата:

- да постапуваат во согласност со одредбите од овој Правилник;
- да ги заштитат личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој пријавува анонимно или доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;
- да го информираат укажувачот (кој е познат) за преземените мерки во врска со пријавата, без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

## 4.2.ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПРИЈАВИТЕ

По приемот на пријавата, овластеното лице ја разгледува, ја проучува содржината на пријавата со сите прилози и постапува во согласност со законот, и при тоа,

- доколку овластеното лице утврди дека примениот документ не претставува пријава од укажувач, тогаш става забелешка во предметот, (која се евидентира во посебниот деловодник), задржува копие од предметот и предметот со приложените документи во оригинал го доставува со пропратно писмо до писарницата на надлежната институција и го известува укажувачот доколку е познат.
- доколку овластеното лице процени дека содржината на пријавата е логична и разумна и воедно содржи доволно елементи за да биде проследена за понатамошно постапување, тогаш може да побара дополнителни информации од укажувачот (доколку е познат) и да се консултира со други лица, а притоа да внимава на заштитата на идентитетот на укажувачот.

По извршување на проценката, овластеното лице донесува заклучоци за понатамошно постапување по пријавата кои се однесуваат на надлежноста односно ненадлежноста за постапување на институцијата каде е назначено и потребното преземање мерки за постапување по пријавата.

За наводите од содржината на пријавата и заклучоците, овластеното лице без одлагање го известува Управниот одбор на Банката, кој понатаму го известува Надзорниот одбор на Банката. По исклучок, доколку овластеното лице во вршењето на проценката констатира дека наводите од содржината на пријавата посредно или непосредно се насочени против раководното лице, тогаш го известува и упатува укажувачот за можноста за заштитено надворешно пријавување до НБРСМ и за истото ги известува органите на управување на Банката.

Доколку до овластеното лице во Банката е доставена пријава по која е надлежна да постапува друга институција согласно закон, тогаш овластеното лице најдоцна до осум дена од денот на приемот на пријавата ја заведува и ја проследува до надлежната институција, и за проследувањето на пријавата го известува укажувачот доколку е познат.

Доколку по извршената проценка на примената пријава се утврди дека таа е логична и разумна и воедно содржи доволно елементи за понатамошно постапување, тогаш овластеното лице презема мерки во своја надлежност за постапување по пријавата односно ја проследува пријавата до службеното лице во Банката надлежно за постапување во областа на која се однесува пријавата, откако претходно од пријавата ќе ги издвои личните податоци и податоците кои може да го разоткријат идентитетот на укажувачот доколку укажувачот барал да остане доверлив.

Овластеното лице го известува укажувачот (на негово барање) за текот на постапката, за преземените дејствија во врска со пријавата и преземените мерки за заштита.

### 4.3. ИЗРАБОТКА НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСХОДОТ НА ПОСТАПКАТА

По завршување на постапката, овластеното лице составува извештај за исходот на постапката за преземените и предложените мерки за отстранување на противправни дејствија по пријавата и на штетните последици по укажувачот настанати во врска со внатрешното пријавување. Овластеното лице е должно најкасно 15 дена по поднесувањето на пријавата извештајот да го достави до укажувачот доколку е познат и до органот на управување во Банката.

Овластените лица отвораат досиеа по поднесените пријави и истите ги чуваат во ормар за безбедно чување на примените пријави.

## 5. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ И ИДЕНТИТЕТОТ НА УКАЖУВАЧОТ

Согласно Законот за заштита на укажувачи, како и Законот за заштита на лични податоци, секое лице или институција кое ќе ги дознае податоците за укажувачот, е должно да ги штити тие податоци и не смее да го открие идентитетот на укажувачот без негова согласност, освен кога тоа се бара со судска одлука кога е неопходно потребно за водење на постапка пред надлежен орган.

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно да ги заштити податоците за укажувачот и е должно во текот на примањето на информациите да го извести укажувачот дека неговиот идентитет може да биде откриен на надлежниот орган согласно претходниот став, како и да го извести за мерките за заштита на учесникот во кривичната постапка

За откривањето на идентитетот на укажувачот врз основа на донесена судска одлука, овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно да го извести укажувачот пред откривањето на идентитетот

Податоците не смеат да се откријат на лицето за кое се укажува во информацијата.

## 6.НАЧИН НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧОТ

На укажувачот и на нему блиско лице им се обезбедува заштита од било каков вид на повреда на право при утврдување одговорност, санкција, престанок на работен однос, суспензија на работно место, распоредување на друго работно место кое е понеповолно, дискриминација или штетно дејствие или опасност од настапување на штетни дејствија заради извршеното заштитено внатрешно и надворешно пријавување или заштитено јавно пријавување.

Доколку не е обезбедена заштитата, укажувачот за ова пријавува во Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител на РСМ, Инспекцискиот совет, Министерството за внатрешни работи и до Јавното обвинителство на РСМ, кои по пријавата без одлагање постапуваат согласно со своите надлежности.

Правото на заштитата се проширува да ги опфати и лицата кои ќе сторат веројатно дека оној кој е пријавен може да се сомнева дека извршиле пријавување против него.

Доколку се утврди дека правното лице каде е извршено пријавување повредило право на укажувачот или нему блиско лице, тогаш институциите без одлагање се обраќаат до надлежните институции и органи со писмено барање за итно преземање мерки за заштита на укажувачот со прекинување на дејствијата, односно отстранување на пропустите со кои се повредуваат правата на укажувачот и за истото го известуваат укажувачот.

Доколку е пријавено кривично дело против државата, против човечноста и меѓународното право, од областа на организираниот криминал и за кое со Кривичниот законик е пропишана казна затвор од најмалку четири години, чиешто докажување е проследено со несразмерни тешкотии или не може да се изврши без исказ на укажувачот кој поради можната опасност да биде изложен на заплашување, закана со одмазда или опасност по животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имот од поголем обем, не се согласува во својство на сведок да даде исказ, тогаш институциите со прибавена писмена согласност од укажувачот доставуваат:

- до Министерството за внатрешни работи или надлежен јавен обвинител иницијатива за доставување писмено барање за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно со Законот за заштита на сведоци или
- до Јавниот обвинител на РСМ иницијатива за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно со Законот за заштита на сведоци.

## СУДСКА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧОТ

Укажувачот има право на судска заштита пред надлежен суд согласно со закон. Укажувачот може пред надлежен суд со тужба да побара: утврдување дека е преземено штетно дејствије или е повредено право заради заштитено пријавување; забрана на вршење на штетно дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување и повторување на штетно дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување; поништување на акт со кое е извршено штетното дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување; отстранување на последиците од штетно дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување; надоместок на материјална и нематеријална штета заради заштитено пријавување.

Постапката по тужбата е итна и дозволена е ревизија.

Укажувачот согласно законските одредби, нема обврска за докажување на добрата намера и вистинитоста на пријавувањето и на истиот му се обезбедува заштита согласно законот, со што му се гарантира доверливост до степенот и до моментот кои тој ќе ги побара. Ова право на укажувачот може да му се ограничи само со судска одлука и за истата е известен веднаш по нејзиното донесување.

Во случај на спор за постоење повреда на право на укажувачот и на негово блиско лице заради пријавување, товарот на докажување е на страна на институцијата односно правното лице коешто ги повредило правата на укажувачот и на членовите на неговото семејство.

Укажувачот има право на надомест на штета што може да ја претрпи тој или нему блиско лице поради заштитено пријавување. Барањето за надомест на штета се остварува со поднесување на тужба до надлежниот суд.

## 7. ЗЛОУПОТРЕБА НА ПРИЈАВУВАЊЕТО НА УКАЖУВАЧОТ

Како злоупотреба на пријавувањето на укажувачот се смета секое свесно пријавување невистинити информации за физичко или правно лице со цел предизвикување на штетни последици за истото и доколку со должно внимание и совесно, до степен до кој тоа го дозволуваат околностите, не проверил дали тие се точни и веродостојни информации.

Доколку укажувачот извршил злоупотреба на информациите, ја губи заштитата која му ја обезбедува Законот за заштита на укажувачи.

Злоупотребата на пријавувањето на укажувачот поради која настанале штетни последици за физичкото или правното лице е основ за поведување на постапка за утврдување на негова одговорност согласно со закон.

## 8. СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЗАШТИТЕНОТО ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ ВО БАНКАТА И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ИНТЕРНИТЕ АКТИ

Надзорниот одбор на Банката ги следи постапките за заштитеното пријавување извршено од страна на укажувач за сторени, како и за сомневање за сторени, прекршувања на законот или на интерните акти или етичкиот кодекс на Банката.

Прекршувањата кои ќе бидат идентификувани, како и активностите кои ќе бидат преземени за решавње на пријавените постапки се пријавуваат до Надзорниот одбор на Банката.

За примените пријави од укажувачи во текот на една деловна година (доколку има) се доставува извештај до Одборот за ревизија, кој ја разгледува ефикасноста на постапката и начинот на кој истата се применува, најмалку еднаш годишно.

## 9. НИШТОВНОСТ НА ОДРЕДБИ ВО ДОГОВОРИ И АКТИ

Одредбите во договорите и актите со кои се склучуваат, односно уредуваат работни односи и работни ангажмани, со кои се забранува пријавување на сомневање или сознание за казниво дело или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес, безбедноста и одбраната или пак таквото пријавување се дефинира како прекршување на одредби за доверливост, лојалност и професионалност, се сметаат за ништовни.

## 10. ИЗВЕШТАИ, ДОКУМЕНТИ И НИВНО ЧУВАЊЕ

**Екстерни извештаи**

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи кое е надлежно за сумирање на податоците, во рок од 15 дена по истекот на секое полугодие, изготвува полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи (Прилог 1 кон Правилникот) и го доставува до Државната комисија за спречување на корупција на Р.С.Македонија.

**Чување на податоци**

Овластените лица за прием на пријави од укажувачи имаат обврска за чување на пријавите, записниците, извештаите и останатата документација, на начин и место, каде истата ќе биде заштитена од несакани надворешни и внатрешни влијанија, (како на пример, откривање на податоци за укажувачот и неговиот идентитет), оштетување, кражба, поплави и други непогоди. Целокупната документација како и текот на самата постапка по прием на пријава за заштитено пријавување се чува во најголема тајност.

## 11. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Правилникот е објавен на интравебот на Банката на адресата http://ttk-hr/ во делот е-архива на интерни акти - Акти за сите вработени со што е достапен за сите вработени во Банката, како и на веб страницата на Банката.

Не е дозволено за содржина на пријава да се користат материјали кои произлегуваат од незаконско следење на комуникации од периодот од 2008 до 2015 година и доколку се работи за такви материјали, за истите лица не е обезбедена заштита, вклучително и судска заштита.

За сé што не е уредено со овој Правилник, ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на укажувачи и подзаконските акти од оваа област. Измени и дополнувања на овој Правилник ќе се вршат согласно измени во законските прописи.

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување. Со влегување во сила на овај Правилник, престанува да важи Правилникот за заштитено пријавување бр.02-6189/6 од 29.06.2018 година.

**Претседател на Управен одбор**
**Проф.Др. Драгољуб Арсовски**

ТТК БАНКА АД 2 СКОПЈЕ

______________________________

**Член на Управен одбор**
**Наталија Алексова**

______________________________

*Прилог 1:* **Полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи**

| | |
|---|---|
| Име и презиме на овластено лице | / |
| Вработено во | / |
| Период за достава на извештај | 01.01-30.06.20.. |
| **I Општи статистички податоци за кои задолжително се известува** | |
| а) вкупен број на примени пријави | / |
| б) број на примени пријави по следните параметри:<br>-Форма и начин на достава на пријава (усна на записник/писмена по пошта/ писмена по електронска форма)<br>-пријавено казниво односно недозволиво постапување<br>-категорија на лица во својство на укажувач<br>-позиција/работно место на пријавени лица<br>-доверливи укажувачи<br>-анонимни укажувачи<br>-укажувачи кои не се анонимни и кои не барале да бидат доверливи | / |
| в) вкупен број на укажувачи | / |
| г) број на анонимни укажувачи | / |
| д) број на доверливи укажувачи | / |
| ѓ) број на пријави кои се проследени до институцијата на надлежно постапување | / |
| е) број на пријави по кои институцијата постапила во рамки на своите надлежности | / |
| **II Податоци за оформени предмети по примени пријави** | |
| а) вкупен број на примени пријави | / |
| б) број на примени пријави по параметрите:<br>-форма и начин на достава на пријава (усна на записник/писмена по пошта/ писмена по електронска пошта)<br>-пријавено казниво односно недозволиво постапување<br>-категорија на лица во својство на укажувач<br>-позиција/работно место на пријавени лица<br>-доверливи укажувачи<br>-анонимни укажувачи<br>-укажувачи кои не се анонимни и кои не барале да бидат доверливи | / |
| в) вкупен број на укажувачи кои доставиле пријави по кои се оформени предмети | / |
| г) број на анонимни укажувачи кои доставиле пријави по кои се оформени предмети | / |
| д) број на доверливи укажувачи кои доставиле пријави по кои се оформени предмети | / |
| ѓ) број на предмети оформени по примени пријави | / |
| е) преземени мерки за постапување по примените пријави | / |
| ж) статус на предметите оформени по примените пријави и исход од постапувањето по предметите | / |

Изработил:

---------------------------------------------------------